TIMSS (Trends in International Mathematics and Science Study) е меѓународна студија по математика и по природната група предмети (физика, хемија, биологија и географија) која ги мери знаењата и способностите на учениците по математика и по природната група предмети (физика, хемија, биологија и географија) во IV и во VIII одделение. Меѓународната организација за вреднување на образовните постигања (International Association for the Educational Achievement - IEA) ја раководи организацијата и реализацијата на оваа студија. Република Македонија, преку Државниот испитен центар до сега има учествувано во три циклуси: TIMSS 1999, TIMSS 2003 и TIMSS 2011 со популација на ученици само од VIII одделение.

Во периодот од април до мај 2019 година ќе биде реализирано меѓународното тестирање на TIMSS (Trends in International Mathematics and Science Study), во Република Македонија ќе бидат опфатени 150 основни училишта со примерок на ученици од четврто одделение. По тестирањето ќе следува опсежен извештај. Врз основа на прибраните податоци од главното тестирање ќе се направи и компаративна анализа на резултатите на земјите учеснички во однос на интернационалниот просек, односно нашата држава ќе биде рангирана со останатите држави учеснички во студијата. Преку прашалниците за учениците, наставниците, родители, директорите и националниот координатор се добиваат податоци за тоа како училишната клима и култура, наставната практика, целите на наставните програми, социо-економските услови на учениците и училиштата, систематското уредување на образованието и друго влијаат врз постигањата на учениците.

Бирото за развој на образованието се вклучува во периодот на подготовката за спроведување на тестирањето, со стручна и советодавна работа со наставниците за самиот процес на тестирање, како и со давање насоки, помош и поддршка во планирањето и реализирањето соодветни задачи со учениците во согласност со барањата на меѓународното тестирање.